( Образец ПП……)

**До: Општина Демир Хисар**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку постапки се спроведени во Вашата институција во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2025 година за: оцена на влијанието на проектите врз животната средина (ОВЖС),стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), издавање или измена на А и Б интегрирани еколошки дозволи,стекнување водно право и донесување или измена на урбанистички планови, во кои согласно важечките законски прописи било предвидено организирање јавна расправа, јавен увид или друг облик на консултација со јавноста?

Ве молиме податоците да ги прикажете одделно по вид на постапка и по година наведувајќи:

- број на спроведени постапки ,
- број на организирани јавни расправи,јавни увиди и/или други консултации со јавноста.

2. Колкав е вкупниот број на коментари, забелешки и предлози доставени од јавноста во рамките на постапките за оцена на влијанието на проектите врз животната средина (ОВЖС), стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), издавање или измена на А и Б интегрирани еколошки дозволи, стекнување водно право и донесување или измена на урбанистички планови, спроведени во Вашата институција во периодот од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2025 година, и каков бил исходот од нивното разгледување?

Ве молиме податоците да ги прикажете одделно по вид на постапка и по година, наведувајќи:

- вкупен број на доставени коментари, забелешки и предлози од јавноста;
- број на целосно прифатени коментари, забелешки и предлози;
- број на делумно прифатени коментари, забелешки и предлози;
- број на неприфатени коментари, забелешки и предлози;
- број на коментари, забелешки и предлози за кои постапката на разгледување не е завршена, (доколку има такви).

Доколку Вашата институција поседува вакви податоци, Ве молиме наведете дали и каде се јавно достапни, односно доставете линк за пристап до истите.

**Датум:** 04.08.2026

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** арх.бр. 0302-250/1 ваш број
18-728/1, 04.08.2026 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

--------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 04.08.2026 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со оцена на влијание на проектите врз животната средина, стратегиска оцена на животната средина и издавање или измена на А и Б интегрирани дозволи, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со оцена на влијание на проектите врз животната средина, стратегиска оцена на животната средина и издавање или измена на А и Б интегрирани дозволи.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 04.08.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 04.08.2026 година под архивски број 18-728/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 04.08.2026 година, под бр. 18-728/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

______________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

За периодот од 1 јануари 2023 до 31 декември 2025 година, Општина Демир Хисар има издадено две Б-интегрирани еколошки дозволи и тоа:

-Каменолом Рудник Демир Хисар АД Сопотница со УП1 бр.11-21 од 18.07.2024 година и

-Друштво за трговија, угостителство и услуги ЗОРЛУ ГЛОБАЛ увоз-извоз ДООЕЛ Ресен, со УП1 бр.11-04 од 27.05.2025 година.

До Министерството за животна средина и просторно планирање доставениу се одлуки и формучари за неспроведување на стратешка поцена и тоа:

-Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на столбна трафостаница со бетонски столб и линиски вод за снабдување со електрична енергија и базна станица за мобилна телефонија со намена Е-1.8 (инфраструктура за пренос на електрична енергија) за КО Жван Општина Демир Хисар, од 15.11.2023 година,

-Изградба на канализациона мрежа со пречистителна станица за отпадни води за село Вардино, Општина Демир Хисар, од 12.06.2024 година и

-Изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објект со намена Е-1.8 (инфраструктура за пренос на електрична енергија) за КО Суво Грло и КО Сопотница од 20.06.2025 година.

Напоменуваме дека за горенаведените постапки не се организирани јавна расправа, јавен увид или друг облик на консултација со јавноста, затоа што за тоа нема законска обврска.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

----------------------------------------------